Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневните настани 26.06.2024

Денеска (26.06.2024) во 02.50 часот во Скопје, на патот кон местото Марково крувче, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.М.(28) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (26.06.2024) во 00.20 часот во Скопје, во близина на Марково крувче, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од малолетник од Скопје поради тоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и ризли. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.06.2024 во 11.30 часот на Граничниот премин Табановце, на влез во државата полициски службеници ги приведе К.М.(33) и К.М.(32), двајцата од Р.Грција поради тоа што агресивно се однесувале кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Тие биле предадени на полициски службеници при СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 25.06.2024 во 13.15 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на влез во државата, полициски службеници го приведе Е.М.(40) од Холандија поради тоа што при извршена пасошка контрола и проверка констатирано било дека патната исправа што ја дал на увид била фалсификувана. Тој бил предаден на Одделението за прекуграничен криминал и миграции-Скопје за понатамошна постапка.

На 25.06.2024 во 08.20 часот во Полициската станица Кисела Вода Е.Б.(53) од Скопје, пријавил дека на бул.„Борис Трајковски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 25.06.2024 во 13.30 часот во Полициската станица Аеродром Ж.Р.(40) од Скопје пријавил дека во с.Долно Лисиче,скопско неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 25.06.2024 во 15.40 часот во Полициската станица Аеродром В.Б.(39) од Прилеп, пријавил дека на кејот на реката Вардар, бил каснат од куче скитник.

Полициски службеници од ЕВР Карпош на 24.06.2024 во 15.30 часот во Скопје го лишиле од слобода Л.А.(31) од Скопје поради тоа што истиот ден на подрачјето на Карпош, су употреба на физичка сила, од 64- годишна скопјанка одзел златно ланче што го носела на себе. Од страна на ЕВР Карпош поднесена е кривична пријава поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба на дрзок начин", а од страна на судија на претходна постапка одредена му е мерка притвор.
Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (25.06.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 111 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 14 санкции, четири мерки за користење на мобилен телефон при управување, три санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, осум мерки за некористење на сигурносен појас...

На 25.06.2024 полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје од СВР Тетово го лишиле од слобода Д.М. (29) од Тетово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдено кокаин, дигитална вага и пари. Д.М. е приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.06.2024 во 10.50 часот во Штип, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Штип ги лишиле од слобода М.А.(29) од Штип и К.А.(27) од Ѓевгелија. При извршен претрес со наредба од Основен суд Штип во домот во Штип каде престојуваа М.А. и каде беа затекнати К.А., биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја, марихуана, бела грутчеста материја и мобилен телефон. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 25.06.2024 во 22.25 часот на улица „Димитар Влахов" во Велес полициски службеници од Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата го лишиле од слобода Н.Џ.(24) од Радовиш, поради тоа што управувал патничко возило со фалсификувана возачка дозвола, а при прегледот од страна на полициски службеници од СВР Велес кај него била пронајдена и одземена и марихуана. Известен бил јавен обвинител и по документирање на настаните против него ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 25.06.2024 полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје од СВР Тетово ја лишиле од слобода Ј.С. (22) од полошко Ново Село. При претрес во нејзиниот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена марихуана. Ј.С. е приведена во полициска станица и по целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.06.2024 во Скопје од страна на полициски службеници од ОКР Кисела Вода бил лишен од слобода М.С. (26) од Скопје, кој бил баран со централна потерница по судска наредба, за затворска казна. Лицето ќе биде предадено на надлежната казнено-поправна установа.

На 26.06.2024 во 09.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Т.А.(42) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 25.06.2024 околу 14.30 часот полициски службеници од Единицата за насилен криминал при СВР Скопје во координација со ОЈО Скопје на територија на населба Ченто во Скопје го лишија од слобода А.О. (23) поради стореното кривично дело „уцена" по член 259 од КЗ. Имено, на 25.06.2024, 20-годишна девојка во СВР Скопје пријавила дека А.О. побарал од неа 300 евра за да не објави фотографии и видеа со компромитирачки материјал. На 14.06.2024 таа веќе му дала 150 евра, но уценувањето не престанало и таа го пријавила случајот во СВР Скопје. Од страна на полициски службеници и биле дадени крим технички обработени пари и откако А.О. ги земал, бил лишен од слобода. Од него е одземен и телефонски апарат со кој го извршил кривичното дело и поднесена е кривична пријава по брза постапка.

На 25.06.2024 во 14 часот во СВР Охрид, Ј.С.(31) од Битола, пријавила дека на локален пат во близина на охридското село Љубаништа, била касната од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против К.М.(24) и А.М.(25), двајцата од Охрид, како и против А.П.(24) од охридското село Куратица, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", а А.П. го сторил и кривичното дело „спречување на докажување". На 14.06.2024 во 21.55 часот, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид во Охрид извршија преглед во помошен објект што го користел А.М. и притоа пронајдоа кокаин и марихуана, што претходно ги набавиле К.М. и А.П., наменети за натамошна препродажба. При прегледот, А.П. се обидел да уништи дел од пронајдените опаковки. Тројцата биле лишени од слобода, а судија на претходна постапка им изрече мерка притвор во траење од 30 дена.

На 25.06.2024 во 15.30 часот Б.Д.(81) од Кичево, во полициска станица пријави дека на булеварот „Ослободување" во Кичево, била касната од куче. Истиот ден, В.М.(60) од Кичево, пријави дека на локален пат во кичевското село Осломеј, била касната од куче скитник.

На 25.06.2024 во 23.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на угостителски објект на подрачјето на Гази Баба, М.М.(18) и уште еден малолетник, двајцата од Скопје, биле физички нападнати од неколку лица, а едниот од напаѓачите испукал неколку истрели во воздух. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (26.06.2024) во 08.00 часот на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Полициската станица Аеродром го лишиле од слобода А.Г.(39) од Скопје по претходна пријава дека на 25.06.2024 околу 20.30 часот во домот со тврд предмет физички ја нападнал својата 76-годишна мајка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.06.2024 во 21.10 часот во СВР Скопје, И.С.(47) од с.Глумово, скопско пријавил дека околу 20.50 часот врз неговото патничко возило „киа", кое било во дворот, паднало заталкано зрно од огнено оружје. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.06.2024 во 16.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автобус на ЈСП, на подрачјето на Драчево, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.М. (51) од с.Раштак,скопско и Б.Н.(43) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.06.2024 во 10.15 часот во СВР Скопје, Љ.К.(58) од Скопје пријавил дека на 23.06.2024 околу 14.30 часот во двор од куќа во с.Бродец, скопско, дошол М.Љ. по што почнал да му упатува закани и се обидел со остар предмет да го нападне. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (26.06.2024) во 03.30 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го привеле Ф.К.(22) од Скопје поради тоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници додека извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.06.2024 во 11.25 часот во Полициската станица Карпош, Р.И.(64) од Скопје, во својство на управител на правно лице од Скопје, пријавила дека три машки лица од Непал на возраст од 26, 36 и 43-годишна возраст се оддалечиле од местото каде престојувале, а биле вработени во правното лице. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 25.06.2024 во 09.30 часот во Полициска станица Карпош од Јавна установа за згрижување деца било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник Р.Ц.М. (17), кој и претходно повеќе пати се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 25.06.2024 во 21.00 часот во СВР Скопје, И.Т.(73) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Гази Баба од залутано зрно било оштетено стакло на продавен објект. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Л.Р.(35) и Д.Р.(40), двајцата од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство во обид". На 09.06.2024, пред спортска обложувалница во Охрид, по претходна расправија со И.М., пријавените физички го нападнале, при што додека второпријавениот го држел И.М, првопријавениот со остар предмет му нанел убодни рани.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против В.Т.(29) и И.Н.(45), двајцата од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 11.02.2024, на паркинг простор на хотел во Струмица, полициски службеници извршиле преглед на В.Ѓ. (28) од Струмица, при што пронашле и одзеле кокаин, кој претходно го набавил од првопријавениот, а му бил доставен од второпријавениот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Н.А. (41) од Ранковце, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неизвршување на судска одлука". Пријавениот на 06.06.2024 не почитувајќи ја судската одлука – Решение на Основен суд Крива Паланка, со кое му биле изречени привремени мерки за заштита од родово базирано и семејно насилство во времетраење од три месеци, отишол во семејната куќа на неговата сопруга која живеела со нејзините деца, по што најпрвин вербално ги нападнал децата, а потоа со тврд предмет искршил делови од покуќнината.